ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 13-355/10**
**Дата: 17.04.2012**

ДО
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА МАГИСТРАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА „МАКЕДОНИЈАПАТ“ ц.о. СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**Резиме**

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта "Македонијапат" ц.о. Скопје, (во понатамошниот текст "Македонијапат ") за 2010 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на "Македонијапат" за 2008 година и изразено е негативно мислење.
Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека Македонијапат превземало делумно мерки по дадените препораки.
Изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2010 година.

Со извршената ревизија констатирано е дека не се воспоставени потребните контролни системи во процесите на: приходи и побарувања; набавки и плаќања и доделувањето на договорите за јавни набавки.

Известувачкиот период е проследен со слабости на ИТ системот и софтверските апликации за водење на трговските книги.
Работењето на претпријатието е проследено со намалена ликвидност и солвентност кое битно влијае на целокупните пороцеси и континуитетот на претпријатието искажувајќи високи расходи на име штети, камати и судски

трошоци како и обврски кон комитентите, обврски на име данок на додадена вредност и недоследности во постапките за доделување на договорите за јавни набавки.

Превземените активности за проценка на капиталот не ги дадоа очекуваните резултати односно не е извршено: запишување на капиталот на претпријатието во надлежниот регистар; усогласување на статутарните одредби на претпријатието со одредбите на Законот за јавните претпријатија; доуредување на интерните акти со кои се уредува организацијата и систематизацијата на работните места во претпријатието.

Констатирани се одредени недоследности во делот на вршењето попис и начинот на потврдување на сметководствената со фактичката состојба на средствата.

Во континуитет наплатата на надоместокот за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина) е проследен со злоупотреби од страна на овластените лица за наплата на патарината, за што во тек се повеќе судски процеси кои до денот на известувањето не се завршени.

Извршивме обелоденувања од повеќе области на работењето на претпријатието и неговиот континуитет и тоа:

- за статусните промени кои требаше да бидат спроведени согласно Законот за трансформација на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат“;
- начинот на покривање на негативниот финансиски резултат;
- доделувањето на нафтени деривати од надлежните органи;
- начинот на планирањето на приходите од трети лица и нивното учество во целокупниот финансиски резултат;
- постоењето на повеќе судски постапки.

Надлежните органи на управување со претпријатието вклучувајќи го основачот и надлежното министерство потребно е да превземат неопходни и интензивни мерки за разрешување на статусот на претпријатието и обезбедување на услови за непречен континуитет без разлика на статусот кој ќе го утврди Собранието на Република Македонија.

Законскиот застапник на претпријатието, одговорното лице за финансиските извештаи за 2010 година и Управниот одбор на Македонијапат на ден 21 и 23.03.2012 година достави до Државниот завод за ревизија забелешки на утврдените состојби во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, но истите не се прифатени.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 33 до 36) заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта “Македонијапат” ц.о. Скопје за 2010 година кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи/Биланс на успех, Преглед на промени на извори на капиталните средства и Извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум и Преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на “Македонијапат” за 2008 година и изразено е негативно мислење.
Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта “Македонијапат” ц.о. Скопје за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Горан Стојковиќ, директор во период од 02.09.2009 година до 23.09.2011 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека

активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта "Македонијапат" ц.о. Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции

(ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 07.06.2011 до 15.06.2011 и во периодот од 09.11.2011 до 29.12.2011 година кај Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта “Македонијапат” ц.о. Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

3. **Осврт на ревизијата од претходните години – спроведување на препораките**

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфаќа ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година.

Со ревизија на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека јавното претпријатие делумно презeмало мерки за спроведување на препораките (Преглед I).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 29.12.2011 година.

На ден 21 и 23.03.2012 година со писмо број 03-117/1 и 02-117/2 примени се забелешки/појаснувања по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-283/4 од 04.04.2012 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат значајни елементи за суштинска промена на утврдените состојби во нацрт извештајот, односно дел од доставените забелешки претставуваат информирање за причините за утврдените состојби и намерите за идното постапување по дадените препораки и воедно доставените докази не преставуваат нови докази со кои ќе се оспорат или преиначат утврдените состојби.
Текстот на забелешките по нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

### 4.1. Интерни контроли

**Процес на наплата на патарина**

4.1.1. Најголем дел од приходите во износ од 90%, Македонијапат ги остварува од уплатените парични средства од Агенцијата за државни патишта со која има склучен годишен Договор и потпишана годишна Програма по кој основ се изготвуваат месечни ситуации за извршени работи во име и за сметка на Агенцијата. При оценка на системот на интерни контроли во овој процес ревизијата констатира дека наплатата на овие приходи е проследено со постоење ризик од нецелесно функционирање на клучните контроли за сеопфатност и комплетност на приходите заради што е утврдена неправилност наведена во точка 4.2.7. од овој извештај. Утврдената состојба не е во согласност со праксата на добро управување.
На ревизијата и се презентирани записници од извршени контроли од страна на комисијата формирана од законскиот застапник на претпријатието, од кои може да се констатираат повеќе утврдени неправилности и превземени мерки за делумно надминување на утврдените

неправилности во делот на наплата на надомест за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина).

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со Македонијапат во соработка со надлежните органи и правниот субјект вклучен во процесот на наплата/плаќање на приходите – Агенцијата за државни патишта, да превземат активности за воспоставување на интерни контроли во овој процес и воведување на автоматизиран систем на наплата на патарината.

**Процес на набавки и плаќање**

4.1.2. Со извршената ревизија на контролните активности во процесот на набавки и плаќања констатиравме одредени состојби и тоа:

- и покрај превземените мерки за вредносно следење на реализацијата (но не и количински[1]) од месец мај 2010 година од страна на одделението за јавни набавки а врз основа на месечни прегледи што се добиваат од страна на подружниците, постои неусогласеност на податоците кои ги даваат истите со податоците во сметководствената евиденција;
- не сите добавувачи во издадените фактури го наведуваат бројот на договорот од кој произлегува должничко - доверителски однос;
- и покрај тешката економска состојба во која се наоѓа претпријатието, во договорите се утврдуваат рокови на плаќање 15-60 дена по извршена испорака, наспроти утврдените состојби во кои претпријатието за целиот известувачки период не извршил плаќање према одредени добавувачи;
- во сметководствената евиденција (материјално книговодство) не постои воедначеност на податоците кои ги даваат подружниците; во некои подружници не постои разграничување на предметот на набавка добиен по различни основи или разграничување на еден од друг вид на артикал (пример: нафта добиена од стокови резерви од нафта набавена по редовен пат; различни видови на фракции на ризла евидентирани под еден вид на фракција на ризла);
- во сметководствената евиденција (финансиско сметководство) не постои аналитичко разграничување на добавувачите во случај кога со еден

[1] На ревизијата и се презентирани две наредби донесени од директорот на претпријатието и тоа:
Наредба од 28.10.2009 година заведена под број 01-405/3 и
Наредба донесена на 08.03.2010 година заведена под број 03-42/5, со кои директорот наложува следење на спроведување на сите склучени договори.

добавувач истовремено се: склучени повеќе договори за различен предмет на набавка, односно кога со еден добававувач во еден ист известувачки период се вршат набавки на ист производ по различни договори.

Утврдените состојби не се во согласност со добрите практики на управување и влијаат на зголемување на ризикот од законско користење на средствата, континуирано зголемување и одлевање на средства на име камати и процесни трошоци по судски постапки.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да превземат активности за:

- пропишување и донесување на контролни постапки за правилно следење на реализацијата на договорите односно усогласување помеѓу одделението за јавни набавки и одделението за финансии;
- утврдување на рокови во одредбите на договорите за доделување на јавни набавки кои се објективни и претпријатието би можело да ги почитува;
- воспоставување на аналитичка евиденција на добавувачи по договори.

**Процес на јавни набавки**

4.1.3. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на доделувањето на договорите за јавни набавки и следење на нивната реализација, констатирано е дека не се воспоставени соодветни контролни системи и постапки, со што се создава ризик од недоследно почитување на законските и подзаконските акти во делот на јавните набавки, набавка на производи и услуги по најповолни цени и услови и соодветно користење на средствата, што не е во согласност со Законот за јавни набавки и праксата на добро управување. Ваквата состојба предизвикува во известувачкиот период да се констатираат состојби на несоодветно планирање на јавните набавки; да се спроведат јавни набавки кои не се планирани со планот за јавни набавки; да не се користат електронските аукции; да не се спроведе постапка за јавна набавка за обезбедување на работници по пат на привремено вработување итн. што има за последица можност од необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминирачка положба на понудувачите, транспарентност и јавност во набавките и законско користење на средствата.

**Препорака**

Надлежните органи за раководење и управување на претпријатието да пристапат кон пропишување, и донесување на интерни акти во согласност со наведениот закон и праксата за добро управување кои ќе овозможат имплементирање на контролни постапки.

**Функционирање на ИТ системот и софтверските апликации на претпријатието**

4.1.4. Со анализата на информациониот систем и апликациите за сметководствено работење на претпријатието утврдени се следниве слабости:

- кај апликацијата за финансиско работење податоците од веќе завршени години не се заклучени и постои можност од нивна промена и пристапот до нив е само со корисничко име и без лозинка;
- во текот на 2010 година набавен е софтвер за финансиско – сметководствена евиденција и истиот е инсталиран на две локации во Скопје, во централа за финансиско работење и во подружница за материјално работење. На локациите во Велес и Битола постои друг софтвер за материјална евиденција. Ваквата поставеност на материјалното книговодство да се води на три различни локации со три различни апликации не дава можност да се извадат извештаи за вкупното материјално работење на претпријатието. Притоа и прекнижувањето во апликацијата за финансиско работење од материјалното работење на претпријатието се одвива рачно со печатени картици иако и двете ново набавени апликации се од ист производител и има можност за автоматизирање на оваа постапка;
- постојат модули[2] од ново набавените апликации кои што се купени и за кои се плаќа одржување, а не се користат.

Сето ова не е во согласност со меѓународните стандарди и најдобри пракси за ИТ безбедност што доведува до ризик од губење на податоци во случај на хаварија како и законскиот рок за чување на податоците од финансиските извештаи (член 472 и член 474 од Законот за трговските друштва) и доведуваат до ризик од можно искажување на неверодостојни податоци во електронска форма или губење на веќе прокнижени податоци во електронска форма.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да ги превземат потребните активности за:

[2] Основни средства и благајна.

- намалување на ризикот од погрешно искажување во финансиските извештаи;
- зголемување на степенот на придобивките од ново набавениот софтвер од апликациите за финансиското, материјалното работење, основните средства и благајна;
- автоматизирање на процесот на префрлање на книжењата/евидентираните трансакции од финансиското во материјалното книговодство;
- оневозможување на промена на податоците од кои произлегуваат финансиските извештаи од минати години;
- зголемување на безбедноста на пристапот, чувањето и достапноста до податоците.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Собранието на Република Македонија во текот на 1989 година донесува Одлука за основање на Јавното претпријатие “Македонијапат“- Скопје без притоа да се наведе износот на средствата/основачкиот влог за основање. Во текот на 1999 година со Решение Трег.број 7120/98 од 22.01.1999 година извршено е усогласување со Законот за јавни претпријатија при што повторно не е утврден основачкиот влог. Утврдувањето на основачкиот влог не е извршено до денот на ревизијата и воедно не е извршено запишување на Подружниците (Автопат, Скопје, Битола, Штип и Велес) во соодветниот регистар. Ваквата состојба не е во согласност со Статутот на претпријатието, Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва и има за ефект неможност од потврдување на реалноста и веродостојноста на Државниот јавен капитал и достапноста на правно релевантните податоци за претпријатието. Поради извршеното обелоденување на активностите содржани во точка 6.1. и 6.2. од овој Извештај и статусните промени на претпријатието, овластениот државен ревизор не дава препорака.

4.2.2. Јавното претпријатие своето работење помеѓу другото го уредува и со Статут од 30.06.1997 година, без притоа да изврши негово усогласување со Законот за јавни претпријатија и неговите измени и дополнувања („Службен весник на Република Македонија“ број 06/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009 и 97/2010 година).

Управниот одбор на ден 21.05.2009 година донел одлука за изменување и дополнување на Сатататутот, но според дописите од Секретаријатот за законодавство од 02.07.2009 и 15.03.2011 година е потребно називот на

одлуката да се преформулира (да е со наслов Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот), а предметната одлука нормативно-технички да се конципира во членови во кои ќе бидат содржани одредбите на Статутот кои се менуваат. Ваквата состојба има за ефект вршењето на дејноста од јавен интерес да не е целосно усогласен со одредбите на Законот за јавни пријатија. По наведените укажувања од Секретаријатот, Управниот одбор нема превземано дополнителни активности, а со тоа го оневозможил основачот да се произнесе по истите.

**Препорака**

Надлежните органи на јавното претпријатие да пристапи кон донесување на потребните акти согласно укажувањата од Секретаријатот за законодавство и обезбедат согласност од основачот за истите.

4.2.3. На ден 25.11.2010 година од редовите на постојано вработените извршено е распоредување на работник на работно место внатрешен ревизор. Наведеното работно место не е предвидено во Правилникот за организација и систематизација на работните места и во Правилникот за распределба на добивката, платите и другите надоместоци, што не е во согласност со член 29 и член 30 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Во известувачкиот период не е донесен план за вршење ревизија ниту е издаден извештај од внатрешниот ревизор. Поради невоспоставената внатрешна ревизија се предизвикува немање на информации за постоење и функционирање на интерните контроли, недоволно активно, соодветно, ефикасно и објективно спроведување на процесите на управување со ризикот, контрола и управување и недоволна поддршка на раководителот за остварување на целите на субјектот.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да преземат активности за:

- изменување и дополнување на актите за внатрешна организација и ситематизација и за пресметка на плати и
- обезбедат организациска, професионална и функционална независност на единицата за внатрешна ревизија.

4.2.4. Распоредување на вработените по работни места, пресметувањето на бруто платите и нивната исплата е уредено со Правилникот за организација и систематизација на работните места (од 02.06.1999, 24.12.1999 и 25.02.2000 и 17.11.2009 година), Правилникот за распределба на добивката, платите и

другите надоместоци (од 25.12.1997, 29.04.1998, 26.02.1999, 02.06.1999, 17.11.2009 и 25.12.2009 година), договорите за вработување и Колективниот договор на јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат„ Скопје (од мај 2009 година). Со извршената ревизија на наведените интерни акти и начинот на пресметување на бруто платите ревизијата ги констатира следните состојби:

- Правилникот за систематизација на работни места не содржи податоци за потребниот број на вработени/извршители на определено работно место и години на работно искуство потребни при засновање на работниот однос за секое работно место, освен определениот број вработени/извршители во Одделението за јавни набавки;
- Правилникот за распоредување на добивката, платите и другите надоместоци содржи коефициенти за сложеност на трудот искажани во бодови, при што бодовите се дадени од прва до осма група и за секое работно место не се конкретно определени туку се движат во интервал од до, освен конкретно определените бодови на вработени/извршители во Одделението за јавни набавки и одредени работни места опфатени со одлуката од 25.12.2009 година;
- отсуство на акт донесен од страна на надлежен орган за утврдување на вредноста на бодот како основ за пресметка и исплата на платите на вработените;
- не е извршено усогласување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и Правилникот за распоредување на добивката, платите и другите надоместоци со одредбите на Законот за работни односи[3] и со Колективниот договор на ниво на работодавач донесен во 2009 година;
- договорите за вработување на неопределено време не ги содржат сите со закон утврдени одредби;
- во известувачкиот период на име придонес за пензиско и инвалидско осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење за вработените на сменоводители на наплатна станица – инкасанти, исплатени се средства во износ од 3.377 илјади денари согласно Одлуката донесена од Управниот одбор на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија од 1995 година, без притоа јавното

[3] Службен весник на Република Македонија 62/05 ... 47/11.

претпријатие да превземе активности ова право да го уреди со интерните акти[4].

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за работните односи, Законот за исплати на плати и Колективниот договор на ниво на работодавач. Непревземените активности за изменување и дополнување на интерните акти и недоследното почитување на истите предизвикува отсуство на целосно уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу работодавачот и вработениот и дава можност за субјективен пристап при пресметката и исплатата на платите и неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните износи во трговските книги на име плати и надоместоци од плати.
На ревизијата и е презентирана Предлог верзија на Правилник за организација и систематизација на работни места и за распоредување на добивката, платите и другите надоместоци изработен во текот на 2010 година, но истиот не е усвоен од страна на Управниот одбор на претпријатието.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со претпаријатието да превземат активности за изменување и дополнување на интерните акти и нивно усвојување.

4.2.5. Јавното претпријатие на име неплатен данок на додадена вредност со состојба 31.12.2010 година искажало обврски во вкупен износ од 125.534 илјади денари (основен долг без камата) кои потекнуваат од 2005 година. Со состојба на 31.12.2009 година, извршено е усогласување на обврските на претпријатието со Управата за јавни приходи која почитувајќи ги одредбите од Законот за плаќање на рати на даночни долгови на јавните претпријатија и трговските друштва основани од Република Македонија односно од општините или Градот Скопје на ден 19.02.2010 година донела Решение за плаќање на рати на даночен долг во вкупен износ од 46.677 илјади денари на 120 еднакви месечни рати, со грејс период од 36 месеци односно заклучно со месец февруари 2013 година, со условно право на отпис на камата во износ

[4] Колективен договор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат“ Скопје;
Правилник за распоредување на добивката, платите и другите надоместоци (пречистен текст), итн.

од 23.440 илјади денари. Пресметаната камата не е прикажана во трговските книги на претпријатието.

Претпријатието не обезбедило услови за почитување на одредбите од погоре наведеното Решение односно поради неплаќање на две достасани даночни обврски, вклучувајќи го и фактот што во континуитет не ги подмирува обврските на име ДДВ и заклучно со 30.11.2011 година по овој основ има обврски од 200.885 илјади денари.

Наведената состојба не е во согласност со одредбите од Законот за додадена вредност, Законот за плаќање на рати на даночни долгови на јавните претпријатија и трговските друштва основани од Република Македонија односно од општините или Градот Скопје и Решението од Управата за јавни приходи и создава услови претпријатието да го изгуби правото на отпис на камата во износ од 23.440 илјади денари, создавање на дополнителни обврски на име камата за неплатени обврски за ДДВ, потценување на приходите во Буџетот на Република Македонија (Централен буџет) за годините за кои субјектот имал обрска да го уплати данокот и намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака**

Надлежните органи на претпријатието во соработка со основачот да превземат мерки и активности за уредување на начинот на подмирување на обврските на име данок на додадена вредност.

4.2.6. Со извршената ревизија на начинот на пресметување и евидентирање на обврските на име надомест по основ на паушал, користење на сопствен мобилен телефон и надомест за користење на сопствен автомобил и персонален данок на доход по овој основ за членовите на Управниот одбор и Одборот за контрола на материјалното и финансиското работење за кои во известувачкиот период искажани се расходи во износ од 1.906 илјади денари (без персонален данок на доход) констатирани се одредени недоследности и тоа:

- лицата задолжени за водење на деловните книги воспоставиле пракса пресметувањето на обврските на име надомест по основ на паушал, користење на сопствен мобилен телефон и надомест за користење на сопствен автомобил и персонален данок на доход по овој основ, да не пресметуваат и искажуваат обврски по овој основ, односно истите во моментот на исплатување се искажуваат само како трошок. Доколку во известувачкиот период не се исплатени овие надоместоци во тој случај се

создаваат обврски по овој вид на надоместоци и персонален данок на доход на крајот на известувачкиот период;
- не е воспоставена аналитичка евиденција на обврските на име надоместоци за паушал, користење на сопствен мобилен телефон и надомест за користење на сопствен автомобил;
- во известувачкиот период воспоставена е пракса на надоместување на трошоци за користење на сопствено возило и патарина на членовите на Управниот одбор и Одборот за контрола на материјалното и финансиското работење во висина од 30% од цената на литар гориво и платените трошоци за патарини, без притоа да биде донесен соодветен акт за уредување на наведеното право од надлежен орган.

Утврдената состојба не е во согласност со Правилникот за водење на сметководството (МСС и МСФИ), Законот за персоналниот данок на доход и Упатството за начинот на пресметување и плаќање на аконтациите на персоналниот данок на доход по одбивка, Законот за јавните претпријатија и влијае врз навременото искажување на обврските на име персонален данок на доход и можност од дополнителни обврски за ненавремено пресметување и плаќање на наведениот данок и законското и наменското користење на средствата.

**Препорака**

Лицето задолжено за водење на деловните книги пресметувањето на обврските да го врши во моментот на нивното настанување.

Управниот одбор на претпријатието да превземе активности за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на висината на надоместокот во која ќе ги уреди сите права и надоместоци кои произлегуваат од членувањето во Управниот одбор односно Одборот за контрола на материјалното и финансиското работење.

4.2.7. Наплатата на приходи од надомест за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина), Македонијапат ги остварува во име и за сметка на Агенцијата за државни патишта врз основа на склучен договор. Реализацијата на овие приходи е проследено со:
- воспоставен систем на наплата кој не гарантира сигурност во наплатата. Во известувачкиот период констатирана е состојба која покажува дека не е наплатена, односно одбиле да платат патарина 816 илјади возила, што претставува 3,26% од вкупниот број на возила кои платиле патарина;

- необезбедено усогласување помеѓу евидентираните возила кои поминале на наплатните станици и изброените возила од автоматските бројачи на возила;
- учеството на човечкиот фактор во наплатата на овој приход е доминантно и констатирани се појави на злоупотреби во процесот за што од страна на надлежните органи на јавното претпријатие задолжено за негова наплата превземени се активности за санкционирање на одредени вработени;
- трендот на наплатените средства по овој основ во текот на 2010 година споредено со 2008 и 2009 година бележи намалување. На ден 14.07.2009 година Владата на Република Македонија донесува Одлука за висината и начинот на наплата на надоместокот за употреба на пат (патарина).

Утврдената состојба создава можност од злоупотреба на наплатените средства за овој вид на надоместок и неможност од потврдување на комплетноста и сеопфатноста на наплатените средства.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во соработка со Агенцијата за државни патишта и надлежните органи да превземат активности за воведување на целосно нов автоматизиран систем на наплата на патарина и минимизирање на човечкиот фактор.




## 4.3. Финансиски извештаи

*Биланс на состојба*

4.3.1. Со извршената ревизија на начинот на извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските и утврдените разлики, кусоци и вишоци со состојба на 31.12.2010 година и презентираните податоци во Извештајот од Централната пописна комисија констатирани се следните состојби:

- во извештајот за извршениот попис презентирани се податоци за утврдени расходи/отпис на средствата и обврските без притоа да се наведат вредностите на сметководствена и фактичката состојба за истите (освен за пописот на паричните средства и залихите);
- за земјиштето искажано во трговските книги во износ од 59.089 илјади денари не е извршен попис и не се превземени активности за утврдување на неговата пазарната вредност, а со тоа превземање на соодветни активности за искажување на трансакции во трговските книги;
- не е извршено усогласување на сметководствената вредност на градежните објекти чија сегашна вредност изнесува 61.404 илјади денари со фактичката состојба;
- не е презентирана целосна и веродостојна документација за извршен упис во Агенцијата за катастар на недвижности за стекнување на правото на сопственост/користење на земјиштето и градежните објекти искажани во деловните книги;
- во извештајот не е презентирана старосната структура на побарувањата во износ од 193.897 илјади денари и на обврските кон добавувачите од 383.415 илјади денари;
- пописната комисија не се произнела за мерки и активности кои треба да се превземат од надлежните органи за ставање во употреба на административна зграда во секција Струга, која се користи од страна на претпријатието започнувајќи од 2008 година, а во деловните книги истата е искажана на сметката материјални средства во подготовка во износ од 6.913 илјади денари.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва, Правилникот за начинот и роковите за вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба[5], Законот за катастар на недвижности и Законот за сопственост и други стварни права, што има за ефект неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните состојби на средствата и обврските, намалување на

[5] Во Службен весник на Република Македонија број 107/2011 година донесен е нов Правилник за начинот за вршење попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствната со фактичката состојба утврдена со пописот.

квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

На ревизијата и е презентирано Решение за формирање комисија број 03-872/1 од 23.12.2011 година, која има обврска да изврши прием и ставање во употреба на административна зграда во секција Струга.

Владата на РМ на ден 19.10.2010 година донела Одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари-објекти во корист на Република Македонија за повеќе катастарски општини за објекти кои ги користи претпријатието. На ден 20.11.2011 година Владата донесува повеќе заклучоци со кои ја задолжува Агенцијата за државни патишта за превземање на повеќе активности меѓу кои да достави барање до Владата на Република Македонија за стекнување право на користење врз објектите што до сега ги користи претпријатието.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со јавното претпријатие да ги задолжат одговорните лица за:

- вршење целосен попис на земјиштето и градежните објекти и усогласување на вака утврдените состојби со сметководствената состојба;
- утврдување на пазарната вредност на земјиштето и евидентирање во трговските книги;
- по извршеното запишување и разграничување на правото на сопственост/користење на недвижностите да се превземат активности за искажување на промените во трговските книги;
- во Извештајот за попис да се врши искажување на старосната структура на побарувањата и обврските.

4.3.2. За да се обезбедат/прибават достатни и соодветни податоци за усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните позиции, ревизијата постапувајќи во согласност со МСР 505 Екстерни конфирмации и реден број 154 од Правилникот за ревизорските стандарди за државната ревизија, пристапи кон екстерно конфирмирање на комининтентите и добавувачите на Македонијапат. За таа намена беа испратени 9 конфирмации за усогласување на побарувањата и 18 конфирмации за усогласување на обврските. Од вкупно испратените 27 конфирмации до исто толку комининтенти/добавувачи добиени се 14 одговори, што претставува 52% од вкупно испратените, од кои 6 се потврдени односно 22% од пристигнатите, а 8 не се потврдени односно 30% додека 13 воопшто не одговорија што претставува 48% од испратените конфирмации.

Наведената состојба оневозможува да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење на Македонијапат да пропишат политики и да обезбедат нивно имплементирање во насока на:

- континуирано усогласување на побарувањата и обврските со правните лица со кои имаат деловна соработка;
- искажување на обврските настанати во известувачкиот период во трговските книги без нивно пренесување во наредната година.

***Биланс на приходи и расходи***

4.3.3. Македонијапат при изработка на месечните ситуации за извршените работи/реализацијата на активностите за одржување и заштита на државните патишта во име и за сметка на Агенцијата за државни патишта користи Ценовник за услуги кој е донесен во претходен период односно во 1999 година и кој значително отстапува од сегашните цени. Утврдената состојба предизвикува неможност од потврдување на реалноста и објективноста на цените наведени во истиот односно дека истите се усогласени со реалните пазарни цени и се реален основ за вреднување на извршените работи искажани како приходи во јавното претпријатие односно како расходи во Агенцијата.

Со писмо од 27.05.2010 година Македонијапат до Агенцијата за државни патишта доставило изработени нови ценовници за: работи за инвестиционо одржување, превозни средства, градежни машини, транспортни услуги и прегледувачка служба и позиции од редовно одржување но по истото не е добиен повратен одговор и не е постапено по предлогот наведен во дописот „... побрзо да се формираат работни групи од по тројца претставници за да ги дефинираме заедничките верзии на новите ценовници“.

Потребата од изработка на нови ценовници повторно е актуелизирана на ден 17.08.2011 година но до денот на известување од извршената ревизија не се изработени нови ценовници.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во соработка со надлежните органи на Агенцијата за државни патишта да ги превземат потребните мерки и активности за утврдување и донесување на нов ценовник и обезбедат негова целосна имплементација.

4.3.4. Намалената солвентност и ликвидност на Македонијапат оневозможува претпријатието да превземе активности за пренесување на плаќањето на ризикот на штети на осигурителна компанија. Согласно одредбите од Законот за јавни патишта според кој „За штетата што ќе им биде причинета на корисниците на јавните патишта ... одговара правното лице на кое врз основа на договорот му се отстапени работите за одржување на јавните патишта ... “, односно според склучениот договор за заштита и одржување ... со Агенцијата за државни патишта штетите паѓаат на терет на претпријатието. Погоре наведената состојба има за ефект да бидат донесени повеќе извршни судски решенија на име причинети штети на патот, камати, извршни и процесни трошоци, во периодот од 2006 до 2010 година да исплати трошоци во вкупен износ од 248.612 илјади денари односно до денот на вршење на ревизијата во износ од 283.603 илјади денари. (Прилог број 1). Исплатата на погоренаведените средства ја продлабочува негативната, финансиска економска состојба на претпријатието поради што Владата на Република Македонија на дваесет и деветата седница одржана на 20.11.2011 година донесува заклучок со кој го задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви и да достави предлог за изменување на законот со што ќе се избегне одговорноста на претпријатието за овој вид на штети. Ревизијата укажува на потребата од превземање на мерки од надлежните органи и јавното претпријатие за зголемување на безбедоносните услови и намалување на ризиците од штети со пренесување на плаќањето на ризикот на штети на осигурителните компание.




### 4.4. Користење на средствата согласно законските прописи

4.4.1. Со извршената ревизија на склучените договори согласно Законот за јавни патишта и подзаконските акти од оваа област, со кои попрецизно е уредено вршењето на работите на Македонијапат во име и за сметка на Агенцијата за државни патишта, користењето на средствата и нивната намена утврдени се подолу наведените состојби и тоа:

- на 13.12.2010 година донесена е Програмата за изменување и дополнување на Програмата за одржување и заштита на државни патишта за 2010 година со која се врши измена на намената и распоредот на средствата во ставките, се намалуваат/зголемуваат поодделни позиции/ставки заради усогласување на првично планираните намени/износи со фактичката реализација на истите. Во текот на 2010 година се врши намалување на износите на ставки кај кои целосно не се реализираат средствата, за кои износи се зголемуваат износите на ставките кај кои се надминати првично планираните износи и намени, односно не се врши навремено

изменување и дополнување на Програмата. Присутна е појава да не се врши тековно усогласување на намените/видот на работите и вредноста на истите по Програмата со фактички извршените работи од страна на Македонијапат, при што износот на добиените средства од Агенцијата е помал од вредноста на истите;
- не се презентирани записници за усогласување на меѓусебните побарувања и обврски на Македонијапат со Агенцијата за државни патишта, како основ за потврдување дека сите доставени ситуации за реализација на Програмата и Договорот за одржување и заштита на државните патишта за 2010 година се примени/одобрени и соодветно искажани во деловните книги на Македонијапат.

Утврдените состојби влијаат на зголемување на ризиците во процесите на планирање, извршување и известување за извршените активности кои Македонијапат ги реализира во име и за сметка на Агенцијата за државни патишта и на законското и наменското користење на средствата.

На ревизијата и е презентиран допис со кој претпријатието се обраќа до Агенцијата за државни патишта барајќи да се изврши изменување и дополнување на Програмата за одржување на државните патишта за 2011 година, во насока на обезбедување на зголемување на степенот на реализација на истата.

**Препорака**

Надлежните органи на управување и раководење со Македонијапат да превземат мерки и активности за:

- задолжување на лицата одговорни за следење на реализација на програмата, тековно да известуваат за истите и предлагаат измени и дополнувања на наведената Програма до надлежните органи на Агенцијата за државни патишта;
- континуирано усогласување на меѓусебните побарувања и обврски со Агенцијата за државни патишта.

4.4.2. Во текот на 2010 година по основ на поднесени тужби кон Македонијапат за ненавремено плаќање на обврски кон добавувачите од страна на повеќе правни субјекти/добавувачи исплатени се средства на име главен долг (74.746 илјади денари), судски трошоци, други процесни трошоци (8.084 илјади денари) и камата (17.193 илјади денари) односно вкупен износ од 99.818 илјади денари. Менаџментот на претпријатието во известувачкиот период превземал одредени активности за уредување на меѓусебните должничко-доверителски односи и намалување на трошоците на

претпријатието на име камати и други процесни трошоци (склучување спогодби за одложено плаќање). Но поради намалената ликвидност на претпријатието создадена е состојба во која не е обезбедено почитување на уредените односи (плаќање на обврските во утврдените рокови) поради што е напуштена праксата на склучување спогодби. Ваквата состојба има влијание врз зголемување на трошоците на претпријатието на име судски трошоци, други процесни трошоци и камата и врз финансискиот резултат.

**Препорака**

Надлежните органи на претпријатието и основачот да превземат мерки и активности со кои ќе се врши навремено плаќање на обврските кон добавувачите, односно избегнување нивна наплата по судски пат зголемена со сите останати трошоци.

4.4.3. Воспоставената пракса на исплата на месечен паричен надоместок во готово на име надоместок за користење на сопствен мобилен телефон за членовите на Управниот одбор и Одборот за контрола на материјалното и финансиското работење продолжува и во текот на 2010 година. Согласно Одлука број 02-553/8 од 17.11.2009 година и Одлука број 02-233/5 од 30.06.2010 година, донесени од страна на Управниот Одбор, надоместокот за користење на службени мобилни телефони на членовите на Управниот одбор и Одборот за контрола на материјалното и финансиското работење изнесува 2.100 односно 1.470 денари месечно, а вкупно по овој основ во известувачкиот период искажани се обврски во износ од 368 илјади денари (без персонален данок на доход). Исплатата на паричниот надоместок на име користење на мобилен телефон без истото право да се уреди по пат на набавка на телефонски броеви на име на претпријатието, обезбедување на погодностите кои ги дава економскиот оператор за овој вид на услуги и потврдување на извршената услуга со уреден и веродостоен документ (фактура), предизвикува неекономично и нерационално трошење на средствата на претпријатието кое се соочува со негативен резултат во работењето неколку години во континуитет.

**Препорака**

Надлежните органи да превземат активности за напуштање на воспоставената пракса и донесат акт со кој ќе го уредат правото на користење на услугата по пат на фактурирање на извршените услуги во рамките на законски пропишаниот лимит.

4.4.4. Со извршената ревизија на начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за доделување на договори за јавни набавки констатирани се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки и подзаконските акти од оваа област и тоа:

- вршени се измени и дополнувања на План за јавни набавки за 2009 и 2010 година, при што не сите измени и дополнувања се усвоени од страна на Управниот одбор, односно не сите измени и дополнувања на Планот за јавни набавки се усогласени со Одлуките на Управниот одбор (Прилог број 2);
- не се врши усогласување на Планот за јавни набавки со Финансискиот план за 2010 година;
- спроведени се постапки за јавна набавка (чија проценета вредност е утврдена на износ од 3.400 илјади денари а доделени се договори за јавни набавки во износ од 2.306 илјади денари) за кои не е извршено дополнување на планот за јавни набавки (Прилог број 3);
- при спроведувањето на постапките за доделување на договори за јавни набавки во 2010 година не се користени електронски аукции, што не е во согласност со член 24 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки (“Службен весник на Република Македонија“ број 130/08) кој предвидува дека за 2010 година договорните органи се должни да користат електронска аукција во најмалку 30% од проценетата вредност на планираните постапки за доделување на договори за јавни набавки;
- не се извршени објави на две[6] постапки за доделување на договор за јавна набавка кои без вклучен ДДВ имаат проценета вредност над 500.000 евра во денарска противвредност во Службено гласило на Европската унија или во соодветна деловна публикација или технички или професионален весник кој е достапен на широката меѓународна стручна и друга јавност, што не е во согласност со член 54 став 2 од Законот за јавни набавки;
- во дел од спроведените постапки со преговарање со претходно објавување на оглас за набавка на нафтени деривати (чија проценета вредност без ДДВ изнесува 80.000 илјади денари) во Извештајот од спроведената

[6] Отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на индустриска сол за одржување на патишта во зимски услови чија проценета вредност без ДДВ изнесува 43.500 илјади денари;
Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка на гориво за дизел мотори и масло за горење чија проценета вредност без ДДВ е 80.000 илјади денари.

постапка од страна на комисијата за јавни набавки не се наведени причините и начинот на спроведување на постапката со преговарање со претходно објавување на оглас, не е извршен избор на кандидатите кои ги исполниле критериумите за учество, не е обезбеден доволен број на понуди за да се обезбеди вистинска конкуренција[7], не е изготвен Записник од водење на преговори, од економските оператори не се доставени изјави дека нивната понуда не може да се подобри ниту е презентирана конечна понуда, извршена е евалуација и избор на најповолна понуда иако дадената понуда не ги исполнува во целост условите[8] од тендерската документација и не е презентиран доказ дека сите понудувачи се известени за извршениот избор на најповолна понуда;

- не се презентира банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорите за јавна набавка во висина од 5% од вредноста на склучените договори иако истата се предвидува во тендерската документација, што не е во согласност со член 47 и член 48 од Законот за јавни набавки[9];
- кон документацијата за соодветната постапка за јавна набавка не секогаш се приложуваат изјави за постоење или непостоење на судир на интереси од страна на членовите на Комисијата за јавни набавки односно приложените изјави се фотокопии на кои не е наведен бројот и видот на постапката за јавна набавка за која се однесуваат;
- не се доставува Известување за секој склучен договор за јавна набавка во рок од 30 дена по спроведување на постапките за доделување на договор за јавна набавка заради објавување на веб страницата на Бирото за јавни набавки што не е во согласност со член 55 од Законот за јавни набавки.

Непреземањето на активности за уредување на процесот на јавни набавки на стоки, услуги и работи согласно барањата утврдени со Законот за јавните набавки и подзаконските акти од оваа област има за ефект несоодветни постапувања во набавките чија договорена вредност без ДДВ изнесува 237.171 илјади денари (Прилог број 4) и можности од необезбедување на фер конкуренција и еднаква положба на понудувачите.

[7] Причините за недоволниот број на понудувачи се темелат пред се во неповолната финансиско-економска состојба и лошата солвентност и ликвидност на претпријатието.

[8] Во тендерската документација е утврдено кои услови се задолжителни и дека секоја понуда која нема да ги исполнува тие услови (гаранција на понуда, рабат, рок на плаќање и лиценца), ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за ЈН.

[9] Во известувачкиот период воспоставена е пракса за двајца економски оператори наместо банкарска гаранција да се обезбеди изјава од истите дека во суштина нивните побарување преставуваат гаранција за квалитетно извршување на договорот.

4.4.5. Во известувачкиот период донесена е Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки за 2010 година заведена под број 02-184/4 од 01.06.2010 година со која меѓу другото се предвидува набавка на услуги „ангажирање на агенција на привремени вработувања, во износ од 2.000 илјади денари“.

Со извршената ревизија на искажаните расходи на име бруто плата за привремени вработувања констатиравме дека во текот на 2010 година расходите по овој основ заедно со провизија за услугата изнесуваат 26.079 илјади денари, односно со пренесените обврски со состојба на 01.01.2010 година 31.915 илјади денари (провизијата за услуги за привремени вработувања изнесува 1.529 илјади денари), без притоа да се превземат активности да се спроведе постапка за јавни набавки согласно одредбите на Законот за јавните набавки.

Користењето на услугата за привремени вработувања и човечки ресурси се темели врз основа на договор склучен на ден 14.04.2009 година во кој е утврдена вредноста на надоместување на трошоците за извршената услуга во износ од 6% од бруто платата на вработените.

Утврдената состојба создава можности од необезбедување на фер конкуренција и еднаква положба на понудувачите.

**Коментар на субјектот**

Одговорното лице за финансиските извештаи за периодот за кој е вршена ревизијата, во контекст на утврдените состојби истакна дека иститe во најголем дел се однесуваат поради намалената солвентност и ликвидност на претпријатието; одредени набавки се направени од крајна итност; неможноста за континуирана едукација на вработените задолжени за спроведување на постапките за јавни набавки; одредени постапки за доделување на договори за јавни набавки извршени се во период кога тој не бил законски застапник на претпријатието итн.

**Препорака**

Надлежните органи за раководење на “Македонијапат“ да ги превземат неопходните активности за пропишување на политики и мерки за континуирано едуцирање на вработените/лицата за подготвување и спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење - за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта “Македонијапат“ ц.о. Скопје на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум , во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење - за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2. до 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта “Македонијапат“ ц.о. Скопје не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

6.1. Од ден 01.05.2009 година во сила е Законот за трансформација на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта “Македонијапат", со кој е предвидено поделба на постојното претпријатие на два нови субјекти во државна сопственост и тоа:

- Акционерско друштво за одржување на патиштата "Македонијапат - одржување"- Скопје и
- Акционерско друштво за услуги на патиштата "Македонијапат - услуги"- Скопје.

Постапувајќи по наведениот закон, претпријатието изработило проценка на вредноста на капиталот со состојба 31.12.2008 година, изработило дополна на проценката на капиталот, средствата, правата, обврските и вработените и извршило ревизија на Планот за поделба за раздвојување и основање на две нови Акционерски друштва по кој основ до денот на ревизија е исплатен вкупен износ од 2.416 илјади денари.
До денот на вршење на ревизија постапката на трансформација по наведениот закон не е реализирана.

Согласно донесените заклучоци од Владата на Република Македонија од седниците од 20.11.2011 година и 04.12.2011 година, создадена е обврска на надлежното министерство да даде предлог – закон за трансформација на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" Скопје во кој меѓу другото треба да се уреди статусот на вработените во јавното претпријатие и нивно распоредување во ново формиран правен субјект или во други институции.

6.2. Јавното претпријатие под 31.12.2010 година во трговските книги врши евиденција/покривање на акумулирана загуба од 745.913 илјади денари за четири години (2006 до 2009 година) врз основа на акти од надлежните органи чија хронологија не е запазена. За известувачкиот период претпријатието и понатаму искажува загуба во износ од 168.631 илјади денари за кои до денот на известување за извршената ревизија надлежните органи немаат донесено акт за покривање на искажаната загуба од работењето на претпријатието. Континуираното искажување на негативен финансиски резултат и покривање на товар на капиталот на претпријатието предизвикува целокупниот државен капитал со состојба 01.01.2010 година во износ од 790.456 илјади денари да биде употребен за покривање на акумулираните загуби, при што со состојба на 31.12.2010 година претпријатието искажува негативен капитал од 86.925 илјади денари.

Надлежните органи на јавното претпријатие во соработка со основачот да пристапат кон превземање мерки и активности за донесување акт за начинот на прокривање на искажаната загуба и обезбедување на континуитет на претпријатието.

6.3. На ден 19.03.2010 година претпријатието доставува писмо до Агенцијата за државни патишта со кое истата се информира дека дополнително ќе биде задолжена за пресметаниот данок на додадена вредност од 2005 година во износ од 32.607 илјади денари и камата за пристигнатиот а не платениот даночен долг до 31.10.2009 година од 22.173 илјади денари, односно вкупен износ од 54.781 илјади денари. Даночниот долг е обврска на „Македонијапат" по Решение од 14.09.2009 година и каматата по опомена за неплатена камата издадени од Министерството за финансии на Република Македонија - Управата за јавни приходи - Дирекција за големи даночни обврзници за непресметаниот данок на додадена вредност за период од 01.01. до 31.12.2005 година со рок на плаќање до 29.09.2009 година кој не е пресметан/искажан во ситуациите за извршените услуги - наплата на патарина која во име и за сметка на Агенцијата за државни патишта (по склучен договор) ја извршува Македонијапат. Презентирано е книжно задолжение, со кое Агенцијата се задолжува за вкупен износ од 54.781 илјади денари за погоре наведените

основи но истото не е потпишано од двете страни (Агенцијата и Македонијапат) и не е архивирано односно Агенцијата не се произнела за прифаќање на наведената обврска. На ден 19.03.2010 година во Управен суд на Република Македонија примена е тужба поднесена од страна на Македонијапат со која е тужено Министерството за финансии на Република Македонија - Управата за јавни приходи - Дирекција за големи даночни обврзници по основ на Решение број 20-21/00017 од 14.09.2009 година издадено од тужениот (Управата за јавни приходи - Дирекција за големи даночни обврзници) и Решение по жалба У.бр.16-2136/1 од 16.02.2010 година која постапка е во тек. Започнувајќи од месец март па заклучно со месец декември 2010 година претпријатието пресметува и евидентира обврски за ДДВ без притоа Агенцијата да му ги признае истите.

Во текот на 2011 година Агенцијата отпочнува да ги прифаќа ситуациите со искажан ДДВ, но за износот на пресметаниот ДДВ се намалува вредноста на извршената услуга по овој основ.

6.4. Во акцијата спроведена од страна на надлежните органи, против 78 лица, вработени во Македонијапат – одделение за наплата на патарина поведена е кривична постапка за кривично дело – злоупотреба на службена положба и овластување за што е поведена судска постапка која сеуште не е завршена/е во тек. На вработените вклучени во акцијата кои се отстранети од работа и до денот на вршењето на ревизијата не се вратени на работа, исплатени се бруто плати до известувачкиот период во вкупен износ од 69.724 илјади денари, односно до периодот на вршење на ревизија износ од 92.724 илјади денари. На ден 29.11.2011 година Македонија пат писмено се обратило до Министерството за правда – Судски совет на Република Македонија, од кого бара да ја испита можноста за забрзување на судската постапка, како и за утврдување на причините за пролонгирање на истата, за што до денот на вршење на ревизијата не е добиен конкретен одговор.

На ден 06.12.2011 година Основниот суд Скопје 1 Скопје-Истражно одделение до Македонијапат доставило известување во кое е наведено „По барање на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, отпочната е истражна постапка и донесено е решение за спроведување на истрага (од 02.12.2011 година) против 84 обвинети/вработени во Македонијапат“. Истиот ден (06.12.2011 година) од страна на директорот на претпријатието, донесено е Решение за формирање на Комисија за водење на дисциплинска постапка и дисциплински престап кон вработените наведени во известувањето од Основниот суд односно целокупната постапка е во тек.

Владата на Република Македонија на дваесет и деветата седница одржана на 20.11.2011 година донесува заклучоци со кои:

- се препорачува на Агенцијата за државни патишта да ја забрза постапката за спроведување на јавна набавка на нов ситем за електронска наплата на патарини на коридорот 10;
- се задолжува Министерството за правда да покрене иницијатива пред Судскиот совет да ја испита можноста за забрзување на судската постапка, како и утврдување на причините за пролонгирање на постапката во случајот „Змиско око“.

За надминување на погоренаведената состојба надлежните органи за управување и раководење со претпријатието во соработка со Агенцијата за државни патишта и надлежните органи да превземат активности за воведување на целосно нов автоматизиран систем на наплата на патарина и минимизирање на човечкиот фактор.

6.5. Воспоставена е пракса, започнувајќи од 2009 година па заклучно со известувачкиот период, Владата на Република Македонија од стоковите резерви, на јавното претпријатие да му одобрува нафтени деривати без надомест. Во наведениот период одобрени се вкупно 2.335 илјади литри нафтени деривати од кои јавното претпријатие искористило 2.046 илјади литри чија вредност изнесува 96.725 илјади денари (Прилог број 5). Неоспорувајќи ги заложбите за надминување на ликвидноста и солвентноста на претпријатието од страна на надлежните органи, ревизијата истакнува дека наведената состојба не е во согласност со член 3 од Законот за стоковите резерви.

6.6. Намалената ликвидност и солвентност на претпријатието како и наследената неповолна финансиско - економска состојба на претпријатието предизвикуваат одредени состојби во делот на системот на планирање на приходите и набавки на репроматеријали кои оневозможуваат остварување на целите на субјектот. Со извршената ревизија констатиравме дека:

- менаџментот на претпријатието континуирано во отсуство на недоволни приходи кои предизвикуваат искажување на дефицит (загуба) во работењето на претпријатието, превзема активности во фазата на планирање да прикажува нереални приходи од трети лица, односно истите да ги искажува во повисоко ниво од реално очекуваните приходи (Прилог број 6). Во известувачкиот период овој вид на приход е планиран во финансискиот план во износ од 365.570 илјади денари, а реално остварени се 30.221 илјада денари односно 8,27%;
- и покрај тоа што во известувачкиот период во споредба со претходната година обезбедени се зголемувања по сите основи како во делот на

набавката на репроматеријалите (битумен и ризла) за производство на асвалт (кој е еден од круцијалните елементи за извршување на основната дејност) така и во производството на асвалт (Прилог број 6).




6.7. Во тек се судски постапки во кои Јавнато претпријатие е тужена страна по основ на: долг (стопански спорови) во износ од 316.026 илајди денари и спорови за надомест на штета во износ од 231.184 илјади денари, односно вкупната вредност на тужбените барања изнесува 547.210 илјади денари и чиј резултат ќе има влијание на износот на обврските искажани во деловните книги.

Воедно до периодот на вршење на ревизија, јавното претпријатие не е во можност да врши навремена исплата на бруто платите на вработените за месец октомври и ноември 2011 година во вкупен износ од 85.084 илјади денари, што укажува на намалената солвентност и ликвидност на претпријатието.

Скопје, 12.04.2012 година

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| ОПИС | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 877.258 | 732.727 |
| Останати деловни приходи | 54.657 | 222.026 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **931.915** | **954.753** |
| Материјални трошоци | 409.016 | 241.557 |
| Трошоци за бруто плати | 521.176 | 531.384 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 50.860 | 57.812 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 4.202 | 143.253 |
| Останати оперативни трошоци | 103.758 | 128.954 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **1.089.012** | **1.102.960** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 15.590 | 10.477 |
| Приходи од учества на вложувања | 10 | 12 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 26.686 | 80.351 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | (168.183) | (218.069) |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | (168.183) | (218.069) |
| **Данок од добивка** | **448** | - |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | (168.631) | (218.069) |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 31.12.2010 | 31.12.2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 1.794 | 23.173 |
| Побарувања по основ на продажба | 137.457 | 81.861 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 2.033 | 2.459 |
| Други краткорочни побарувања | 1.244 | 978 |
| Платени трошоци за идните периоди | 33.052 | 32.770 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 5.010 | 5.187 |
| Залихи | 132.653 | 107.765 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 1.671 | 1.671 |
| **Вкупно тековни средства** | **314.914** | **255.864** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 213.512 | 262.732 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 159 | 3.876 |
| **Вкупно нетековни средства** | **213.671** | **266.608** |
| **Вкупна актива** | **528.585** | **522.472** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 386.827 | 235.219 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 1.373 | 399 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 222 | 13.159 |
| Останати краткорочни обврски | 210.104 | 190.441 |
| Одложени плаќања на трошоци | 16.984 | 1.063 |
| **Вкупно тековни обврски** | 615.510 | 440.281 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **615.510** | **440.281** |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 82.191 | 790.456 |
| Ревалоризациона резерва | - | 7.397 |
| Резерви | - | 30.252 |
| Пренесена загуба | 485 | 527.845 |
| Загуба за финансиска година | 168.631 | 218.069 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **(86.925)** | **82.191** |
| **Вкупна пасива** | **528.585** | **522.472** |

П Р Е Г Л Е Д
ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Непокриена загуба | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **790.456** | **30.252** | **7.397** | **527.845** | **218.069** | **82.191** |
| Загуба за 2009 година | | | | 218.554 | | **218.554** |
| Загуба за финансиска година | | | | | 168.631 | **168.631** |
| Покривање на загубата на терет на капиталот | - | | | (745.914) | (218.069) | **963.983** |
| Покривање на загубата | (708.265) | (30.252) | (7.397) | | - | **(745.914)** |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **82.191** | **0** | **0** | **485** | **168.631** | **(86.925)** |

### ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| | 2010/2009 |
|---|---|
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | |
| НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | (168.183) |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на | |
| Амортизација | 50.860 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 32 |
| **Готовински текови од работење** | **(117.291)** |
| Побарувања по основ на продажба | (55.596) |
| Побарувања од поврзани субјекти | 426 |
| Други краткорочни побарувања | (409) |
| Платени трошоци за идните периоди | 282 |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | 177 |
| Залихи | (24.888) |
| Обврски спрема добавувачи | 151.608 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 974 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | (12.937) |
| Останати краткорочни обврски | 19.663 |
| Одложени плаќања на трошоци | 15.921 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(22.070)** |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 3.717 |
| Нематеријални и материјални вложувања | (3.026) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **691** |
| НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | (21.379) |
| | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА | 23.173 |
| | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | 1.794 |